Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 167/0306
11.08 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јули 2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, го донесе следното:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ПРИФАЌА КАКО ОСНОВАНА

**Порталот Офф.нет.мк ги прекршил професионалните и етички стандарди утврдени во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, со тоа што на својата Фејсбук страница, под текстот со наслов „За кого всушност е тоа Прајдот?“ не ги отстранил коментарите на читатели кои содржат експлицитен говор на омраза.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11 јуни 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за преземањето и објавувањето на текстот со наслов „*За кого всушност е тоа Прајдот?*“, од страна на порталот Офф.нет.мк на 6 јуни 2023 година.

Во жалбата се наведува дека со објавувањето на текстот „*За кого всушност е тоа Прајдот?*“ на својата ФБ страница, порталот Офф.нет.мк предизвикал бројни коментари со говор кој повикува на насилство врз ЛГБТИ луѓето, како и исмевање на поединци и групи, закани и повици за дејствија со насилен карактер.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот Офф.нет.мк со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека, иако со објавувањето на самиот текст порталот не направил прекршување на Кодексот, сепак со тоа што предизвикал и не ги отстранил бројните коментари со говор на омраза под истиот текст на неговата ФБ страница, го прекршил членот 10.4 и членот 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

> 10.4. Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.
>
> 20.2.Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 25 јули 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Комисијата констатираше дека порталот Офф.нет.мк пренел текст од странски автор кој претставува неутрална критика на едно општествено движење кое станало антипод самото на семе, со што ја разводнува каузата за која е оригинално создадено. Авторот на текстот има право на критика како дел од неговото право на слобода на изразување, а со тоа и порталот Офф.нет.мк има право на пренесување на таа критика. Меѓутоа, при реобјавувањето на истиот текст на својата Фејсбук страница, порталот предизвикал бројни коментари со дискриминирачка содржина и експлицитен говор на омраза кон припадниците на ЛГБТ заедницата и целосно ја занемарил својата обврска да ги прегледува и брзо да ги отстрани оние изјави што имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици за припадниците на оваа заедница.

Со ова медиумот, иако директно не го прекршил членот 10 од Кодексот на новинарите, сепак ја прекршил точката 10.3 и член 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи дека се прекршени точката 10.3 и член 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595